Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021


# Извадок на дел од дневните настани 17.11.2021

На 16.11.2021 околу 14.00 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од Единица за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Н.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (17.11.2021) околу 00.10 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 47-годишниот М.Т. од Тетово, осуден на затворска казна. По приведувањето, реализирано со судска наредба, тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" за издржување на казната.

На 16.11.2021 во периодот од 08.00 до 10.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода И.З.(36), И.З.(39) и М.З.(70), сите од гостиварското село Врбен, поради сомнение дека пред неколку дена одзеле различни предмети од викенд куќа во Маврово. Најголемиот број од предметите биле пронајдени и ќе му бидат вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2021 во 09.10 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода тетовецот С.Х.(65), поради сомнение дека околу 08.30 часот се обидел да одземе пари од продавач на гостиварскиот пазар. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2021 во 18.20 часот на граничен премин „Табановце", полициски службеници го лишиле од слобода К.А.(27) од Струмица, затоа што при пасошка контрола било утврдено дека во службената евиденција се бара по телеграма од ОВР Кавадарци, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот" и „неукажување помош на лице повредено во сообраќајна незгода", казниви по член 300 и 301 од Кривичниот законик. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Велес за понатамошна постапка.

На 16.11.2021 во периодот од 08.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената надвор од населено место. При контролата, претежно на автопатот Гостивар-Тетово-Скопје, откриени и санкционирани биле вкупно 31 прекршок (ТЕ-13 и ГВ-18). Најголемиот број од констатираните пречекорувања на максимално дозволената брзина биле до 50 километри на час над дозволеното, а 4 (ТЕ) до 70 километри на час повеќе од дозволеното. Во акциската контрола биле санкционирани и 44 други видови прекршоци (ТЕ-39 и ГВ-5).

На 16.11.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 15 прекршоци, од кои 6 надвор од населено место и 9 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Во периодот од 08.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоците што ги прават пешаците во сообраќајот. Од извршената контрола биле констатирани 28 прекршоци. На сите им биле изготвени соодветни поднесоци. Санкционирани биле и 15 други видови прекршоци, од кои 13 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило и 1 за управување возило под дејство на алкохол.

На 16.11.2021 околу 06.50 часот во СВР Штип било пријавено дека на магистрален пат Штип – Кочани, кај с.Крупиште, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо 407", со винички регистарски ознаки, управувано од Ш.А.(42) од Виница и патничко возило „опел зафира", со струмички регистарски ознаки, управувано од Е.А.(18) од Струмица. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачите Е.А., Ш.А. и сопатникот во возилото „опел", Е.М.(22) од Струмица, а со телесни повреди се здобиле сопатник во возилото „опел" А.М.(26) и малолетен сопатник во возилото „пежо", сите констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Штип.

На 16.11.2021 во 13.05 часот во СВР Скопје, Д.Т.(52) од Скопје пријавил дека на ул. „Македонија" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (16.11/17.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 22 прекршоци.

На 16.11.2021 во 19.00 часот во СВР Скопје, С.Б.(41) од Скопје пријавила дека на ул. „Загребска" била касната од куче скитник.

На 16.11.2021, полициски службеници од СВР Охрид – ОВР Кичево, при претрес извршен со судска наредба во домот на Р.В.(44) од Кичево, пронашле и одзеле марихуана. Тој е приведен и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2021 во 10.00 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода П.Т.(32) од Велес. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и куршум калибар 14,5 мм. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2021 во 12.35 часот во СВР Штип, С.Ѓ.(33) од Штип пријавила дека на ул.„Христо Ботев" во Штип, при рушење на стара куќа сопственост на К.А.(23) од Штип, бил пронајден сандак со 95 куршуми со боеви зрна и 42 куршуми со картонско зрно. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Штип, а куршумите биле обезбедени и ќе бидат предадени на Дирекцијата за заштита и спасување Штип за понатамошна постапка.

На 15.11.2021 во 16.00 часот, при преземање на мерки и активности од полициски службеници од Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, во објект во Гевгелија биле откриени и лишени од слобода Е.В.И.М.(34), Е.В.И.М.(39), Р.Г.М.К.(18) и С.Б.Р.Д.(29), сите од Куба. По преземени мерки било утврдено дека четирите лица на 14.11.2021 илегално ја преминале државната граница од Република Србија во Република Северна Македонија, со што постапиле спротивно на одредбите од Законот за странци. На пријавените, од Основен суд Гевгелија им се изречени казни и санкција „протерување на странец од државата".

На 16.11.2021 во 11.19 часот во СВР Скопје, Ц.Т.(37) од Скопје пријавил дека околу 11.20 часот пред трговски центар на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од М.Љ.(27) од Скопје, кој му оштетил и патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки. Сочинет е записник за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 16.11.2021 во 18.00 часот во СВР Скопје, А.Г.(43) од Скопје пријавил дека во 12.40 часот во основно училиште на подрачје на Карпош неговиот малолетен син, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од негов соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.11.2021 во 06.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред трговски центар на подрачјето на Карпош бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.С.(30), А.С.(35), женските лица И.З.(55), М.Ќ.(41), С.М., Л.Д.(55) и две малолетнички, од една страна, и Б.Х.(41) од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 16.11.2021 околу 14.35 часот во СВР Скопје, Б.М.(29) од с. Сарај, скопско, пријавил дека околу 14.00 часот во неговиот двор во с. Сарај, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.З.(45), од една страна и И.М.(61) и Б.М., од друга страна, сите од с. Сарај. Сочинети се записнци за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.11.2021 во 20.30 часот, при преземање на мерки и активности од полициски службеници од Полициска станица за граничен премин Богородица, на автобуската станица во Гевгелија се откриени и лишени од слобода Д.К.Ј.(44) и Ј.А.Ј.(33), двајцата од Куба, за кои е утврдено дека на 15.11.2021 илегално ја преминале државната граница од Република Србија во Република Северна Македонија, со што постапиле спротивно на одредбите од Законот за странци. На пријавените од Основен суд Гевгелија им се изречени казни и санкција „протерување на странец од државата".

На 16.11.2021 во СВР Струмица, И.В.(49) од Радовиш пријавил дека околу 23.00 часот пред угостителски објект во Радовиш бил физички нападнат од З.Н., С.Н., Ј.Н. и уште едно лице, сите од Радовиш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.И.(25) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 23.06.2021 кај место викано „Китино кале" во Кичево, полициски службеници кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

На 16.11.2021 во 20.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, И.С.(37) од Скопје пријавил дека околу 19.40 часот во подземните гаражи на ул.„Лазо Трповски" неговиот пријател С.„Н" се обидел да му одземе чанта со пари, мобилен телефон и лап топ компјутер, но не успеал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.11.2021 во 20.30 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека во с.Драчево, на патот кон место викано „Три круши", било пронајдено тело на починато машко лице, без траги на насилство. Полициски службеници излегле на местото и било утврдено дека станува збор за В.Д.(31) од Скопје, за кој на 01.06.2021 било пријавено дека се оддалечил од домот. По наредба на Јавен обвинител телото било дадено на обдукција.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.И.(27) од с.Слатино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 29.07.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории кај пријавениот, при што биле пронајдени рачно полуавтоматско огнено оружје "Ceska Zbroevska VZOR 50" калибар 7,65 мм, куршум заедно со рамка од пиштол со муниција калибар 7,6 м.м и три куршуми калибар 7,9 мм.

На 16.11.2021 во 19.40 часот во Полициската станица Чаир, В.Р.(42) од Скопје пријавила дека околу 18.20 часот на ул.„Кемал Сејфула" нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.11.2021 во 23.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Б.К.М.(41) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината малолетна ќерка Т.К.(16). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.К.(23) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". Тој, на 08.11.2021 во 13.30 часот на Градскиот пазар во Охрид физички го нападнал Н.Ѓ.(43) од струшкото село Драслајца.




МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk



Изработено од Унет